## Зошто државната влада ги финансира градинките?

Истражувањата покажуваат дека учењето во раните години ја поставува основата за подоцнежното учење и дека квалитетните програми во градинките го подобруваат учењето, здравјето и однесувањето, со позитивни ефекти подоцна во животот на возрасните.

Владата на Викторија финансира редица услуги за обезбедување програма на градинки за поддршка на критичното учење во раните години кое:

- поставува основа за учењето подоцна
- им помага на децата во подоцнежното образование, работа и општо во животот.

Она што му се случува на детето во раните години може да влијае на тоа како се равива мозокот.

## Што ќе учи моето дете?

Искуството од градинката му дава на детето можности да:

- ги развива способностите за комуникација и вештини кои ќе му помогнат при читањето и пишувањето
- развие одговорност и независнот, здобивајќи се со самодоверба и чувство на вредност
- стекнува друштвени особини како што се слушање и почит кон идеите на другите луѓе
- гради самосвест и почит кон другите
- учи да биде креативно
- учи математика, друштвени знаења и наука
- користи технички работи
- ја открива убавината на учењето
- наоѓа нови другарчиња.

## Како да најдам соодветна градинка?

Програмите за градинка може да се пружаат на различни места, како градинки во заедницата, центри за детска грижа и во некои училишта.

Квалификувана програма во градинка во вашата област ќе најдете на **www.education.vic.gov.au/findakindergarten** или јавете се на вашата општина.

Контакт детаљи за вашата општина ќе најдете на следните интернет страни: **www.mav.asn.au** или **www.vicnet.net.au/government/localgovt**

Можете да ја посетите и нашата интернет страна **www.education.vic.gov.au/earlychildhood** или јавете се на Office for Children and Early Childhood Development на 1300 731 947 (по цена на локален разговор).

1800 890 400 Amharic
- የአማርኛ አስተርጓሚ አገልግሎት (ነፃ የስልክ ጥሪ)

1800 890 401 Arabic
- للحصول على خدمات مترجم عربي (مكالمة مجانية)

1800 890 403 Cambodian
ចំពោះកិច្ចបំរើនៃអ្នកបកប្រែភាសាខ្មែរ (ទូរស័ព្ទឥតគិតថ្លៃ)

1800 890 404 Cantonese
- 可獲得廣東話傳譯服務（免費電話）

1800 890 402 Dinka
- Tënë Agamthok ë Muɔŋjäŋ (Kënë ee Talapun Cie Yup ë Wëu)

1800 890 406 Filipino
- Para sa serbisyong pang- interprete sa wikang Pilipino (libreng tawag)

1800 890 405 Korean
- 한국어 통역을 원하시면 (무료 통화)

1800 890 409 Macedonian
- За преведувачи на македонски (бесплатен повик)

1800 890 407 Mandarin
- 普通话传译员（免费电话）

1800 890 408 Nuer
- Ni lɔɔrä baaŋ a thil yiow (Free call)

1800 890 410 Russian
- Русская переводческая служба (бесплатный звонок)

1800 890 411 Serbian
- За Службу тумача на српском (бесплатан позив)

1800 890 412 Somali
- Adeega mutarjumka ee Soomaalida (lacag laáan)

1800 890 413 Spanish
- Para Servicio de intérpretes en castellano (llamada gratuita)

1800 890 414 Turkish
- Türkçe sözlü tercümanlık hizmeti için (ücretsiz arama)

1800 890 415 Vietnamese
- Dịch vụ thông ngôn bằng tiếng Việt (điện thoại miễn phí)

© Copyright Department of Education and Early Childhood Development, 2008
Одобрено од страна на Victorian Government, 50 Lonsdale Street, Melbourne.
Октомври 2008

*Macedonian*

# **Бесплатна** или **достапна градинка**

## Додатоци за градинка



Вашето дете може да има право на бесплатна или достапна градинка како дел од напорите на Владата на Викторија за подобрување на образованието од рана возраст.

A Victorian Government initiative

Victoria The Place To Be

## Дали вие или вашето дете сте носители на една од следните картички?

Ќе имате право на додаток за градинка ако сте носител на една од следните картички:

- Картичка за здравствена грижа
- Пензионерска картичка за попусти
- Златна картичка на Министерството за борци
- Виза за Привремена заштита/Хуманитарна 447, 451, 785 и 786
- Виза за азиланти A–F
- Визи за Избеглици и Специјална хуманитарна виза 200–217

Ако имате тројка или четворка кои одат во градинка во иста година ви следува додаток за градинка за секое дете.

















## Бесплатна или достапна градинка

Градинката за вас може да биде бесплатна или по достапна цена (или по минимална цена) ако имате една од овие картички или визи или ако имате тројка или четворка кои одат во градинка во иста година.

Ова е затоа што Владата на Викторија ги субвенционира трошоците за градинка за да обезбеди 10 часа програма во градинка во неделата бесплатно. (Ако програмата во вашата градинка е повеќе од 10 часа во неделата, додатните часови може да бидат за вас бесплатни, или можеби ќе треба да платите само за додатните часови).

## Како ќе го добијам додатокот за градинка?

Разговарајте со персоналот и покажете им ја картичката за попусти, виза, извод од родените или овластен документ* кога ќе го запишувате детето во градинка или на почетокот од годината.

Градинката ќе го побарува додатокот од Department of Education and Early Childhood Development во ваше име. (Плаќањата се вршат директно на градинката, така што градинката ќе биде за вас бесплатна или по многу намалена цена).

Вие ќе може да го користите додатокот за градинка во било кое време во годината, дури и ако вашето дете се премести во друга градинка. Додатокот ќе биде платен во целост за целиот период, независно кога детето започнало да посетува градинка.

*Овластен документ е писмо од Department of Immigration and Citizenship или формулар 'Документ за патување во Австралија' кој го потврдува статусот на визата.

## Како се финансираат градинките?

Владата на Викторија финансира редица услуги за згрижување на децата во градинки. Ова финансирање допринесува кон трошоците за одржување на градинките. Секоја градинка е одговорна за определување на цената на услугите.

Погледнете го Цертификатот на градинката кога барате градинка за вашето дете.




Цертификатот покажува дека е донесена програма на градинката и се изведува од страна на квалификувани учители за градинки и се финансира од страна на државната влада.

За повеќе информации за додатоците за градинки појдете на **www.education.vic.gov.au/kindergarten/feesubsidy**